# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

**(Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.138 од 17.09.2014 година)**

**Член 1**

Во Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14 и 41/14), во членот 215 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Собирот на содружници во случај кога Владата на Република Македонија е единствен содружник во друштвото со ограничена одговорност покрај работите од став (2) на овој член дава согласност на актот за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во друштвото со ограничена одговорност."

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

**Член 2**

Во членот 383 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
„(2) Собранието во случај кога Владата на Република Македонија е основач на друштвото, покрај прашањата од став (1) на овој член дава согласност на актот за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во акционерското друштво."

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

**Член 3**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за трговските друштва.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".